Лекарската комисија води евиденција за осигурените лица кои се на подолго траење на привремена спреченост за работа.

Член 15

Лекарските комисии водат дневник за својата работа.

Во дневникот редоследно се внесуваат податоци за осигуреникот, наодот, оценката и мислењето за привремена спреченост за работа.

Дневниците за работа на лекарските комисии се чуваат 10 години.

Член 16

За организацијата и за ажурноста во работата, лекарските комисии се одговорни пред раководителот на подрачната служба на Фондот.

Лекарските комисии тромесечно поднесуваат извештај за својата работа до директорот на Фондот.

Лекарските комисии во извештајот од став 2 на овој член доставуваат и список на осигурениците кои се на подолго траење на привремена спреченост за работа.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работа на комисиите за оценка на привремената спреченост за работа („Службен весник на РМ“ број 65/95).

Член 18

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-10378/24
4 јули 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ирфан Хоџа**, с.р.

---

**ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА**

**2316.**

Врз основа на член 19 од Статутот на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија бр. 02-7113/2/9/1 од 29.6.2011 година, Управниот одбор на ЕВН Електростопанство на Македонија на седницата одржана на 13.7.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА МРЕЖНИ ПРАВИЛА ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ“ БР. 83/2008) И НИВНО ОБЈАВУВАЊЕ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ“**

1. Се донесуваат Измените и дополнувањата на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РМ“ бр.83/2008) и истите заедно со Решението на Регулаторната комисија за енергетика за одобрување на измените и дополнувањата на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија бр. 02-962/1 од 13.07.2011 година во писмена и електронска форма да се достават до ЈП Службен весник на Република Македонија заради објавување.

2. Се задолжува Благој Стојевски, вработен во одделот за стопанисување со енергија да ја спроведе оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на Управен одбор,
дипл. инж. **Вернер Хенгст**, с.р.

Бр. 02-7745/1
13 јули 2011 година
Скопје

Член на Управен одбор,
м-р **Игор Гневски**, дипл.ел.инж, с.р.

---

Врз основа на член 77 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/2011) и член 19 од Статутот на ЕВН Електростопанство на Македонија, акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, по претходно добиено одобрение од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија Решение бр. 02-962/1 од 13.7.2011 година, Управниот одбор на ЕВН Електростопанство на Македонија, акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, на седницата одржана на 13.7.2011 година со Одлука на УО бр. 02-7745/1, донесе

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ**
**НА МРЕЖНИ ПРАВИЛА ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, БР. 83/2008)**

Член 1

Во поглавјето 3 „ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ“ од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 83/2008), пред членот 29, се додава нов член кој гласи:

Член 28-а

Операторот на дистрибутивниот систем соработува со надлежните органи од областа на градењето, планирањето и уредувањето на просторот во постапката за изготвување и носење на урбанистички планови со кои се планира комуналната инфраструктура и постапката за издавање на одобренија за градење при што се разменуваат информации за постоечката и развојот на идната инфрастуркtура.

По барање од единиците за локална самоуправа, Операторот на дистрибутивниот систем доставува податоци за постоечката инфраструктура за конкретна градежна парцела за која се побарани податоци, во форма и обем кои му се на располагање на Операторот на дистрибутивниот систем.

По барање од надлежниот орган за издавање на одобрение за градење, Операторот на дистрибутивниот систем во рок не подолг од 5 (пет) дена од денот на приемот на барањето, треба да изврши увид во основниот проект и да достави мислење дали објектот за кој е доставено барањето за одобрение за градење може да се приклучи на електродистрибутивната мрежа.

Член 2

По членот 29, се додава нов член 29-а кој гласи:

Член 29-а

Операторот на дистрибутивниот систем не смее да приклучува на дистрибутивната мрежа објекти на корисниците кои се изградени без одобрение за градење во согласност со Законот за градење или за кои не е издадено решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Член 3

Членот 36 се менува и гласи:

Член 36

Одбивање на барање за согласност за приклучување на дистрибутивен систем.

Дистрибутерот ќе донесе решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивниот систем во случај кога:

- за објектот за кој се бара приклучување надлежниот орган нема издадено одобрение за градење во согласност со Законот за градење или решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти;
- не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивниот систем според барањето на корисникот;
- приклучувањето на корисникот на дистрибутивниот систем, според податоците содржани во барањето на корисникот, може да предизвика загрозување на сигурноста во снабдувањето на останатите потрошувачи;
- барателот има неплатени обврски кон дистрибутерот и/или снабдувачот, со исклучок на обврските за кои се води судска постапка.

Решението од став 1 на овој член треба да содржи образложение во кое ќе бидат наведени причините за одбивање на барањето.

Член 4

Во член 42, став 8, алинеите1, 2, и 3 зборовите „изведбениот проект“ се заменуваат со зборовите „основниот проект“.

Член 5

По поглавјето 5 „ПРАВИЛА ЗА МЕРЕЊЕ“ од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, се додава ново поглавје 6 кое гласи:

6. НЕОВЛАСТЕНО КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 130

При неовластено користење на електричната енергија, операторот на дистрибутивниот систем во соработка со снабдувачот, може да ја прекине испораката на електрична енергија на корисниците.

Снабдувачот и оператор на дистрибутивниот систем не се одговорни за настанување на евентуална материјална или нематеријална штета на корисникот при прекинување на испораката на електричната енергија поради неовластено користење.

Член 131

Под неовластено користење на електричната енергија и/или моќност се подразбираат следните случаи:

- без согласност на операторот на дистрибутивниот систем корисникот извршил приклучување на својот објект, уреди или инсталации на системот за електрична енергија и постапил спротивно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија;
- по исклучување од дистрибутивниот систем од страна на операторот на дистрибутивниот систем, корисникот повторно самоволно се приклучил на системот;
- без согласност на операторот на дистрибутивниот систем корисникот овозможил приклучување на други корисници преку својот објект, уреди или инсталации на системот за електрична енергија и постапил спротивно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија;
- ако корисникот оневозможил правилно мерење, регистрирање на потрошената електрична енергија со дејствување врз мерните уреди;
- ако корисникот оневозможил правилно мерење, регистрирање на потрошената електрична енергија со дејствување надвор од мерната опрема (премостување на мерната опрема) или вградил мерна опрема која не е одобрена и вградена од операторот на дистрибутивниот систем;
- ако корисникот ја користи електричната енергија без мерна опрема;
- ако корисникот ја попречува испораката на електрична енергија на друг корисник;
- ако корисникот превзема електрична енергија преку мерна опрема која е оштетена или е отстранета заштитната пломба, поради што е оневозможено правилно регистрирање на испорачаната/превземената количина на електрична енергија и/или моќност;
- во случај за времени корисници, ако корисникот превзема електрична енергија по истек на рокот на важење на решението за издавање на согласност за приклучување.

Член 132

За неовластеното користење на електрична енергија од член 131 од овие Мрежни правила, снабдувачот во соработка со операторот на дистрибутивниот систем, пресметува надоместок за неовластено потрошена електрична енергија кој се состои од:

- надоместок за електрична енергија (пресметката се однесува за активна електрична енергија);
- надоместок за моќност (пресметката се однесува за активна моќност); и
- останати трошоци предизвикани со неовластеното користење на електрична енергија согласно одредбите од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Член 133

Во случаите на неовластеното користење на електричната енергија од член 131, став 1, алинеја 1, 2, 5, 6, 7, и 9 од овие Мрежни правила, операторот на дистрибутивниот систем ќе ја прекине испораката на електрична енергија без предупредување.

Член 134

Во случаите на неовластеното користење на електричната енергија од член 131, став 1, алинеја 3, 4 и 8 од овие Мрежни правила, операторот на дистрибутивниот систем е должен да го предупреди корисникот во писмена форма со цел да ги отстрани недостатоците и да го плати надоместокот за неовластено потрошена електрична енергија утврден согласно член 132 на овие Мражни правила.

Корисникот е должен на операторот на дистрибутивниот систем да го плати надоместокот за неовластено потрошената електрична енергија во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на пресметката.

Доколку корисникот не постапи во целост согласно став 1 од овој член операторот на дистрибутивниот систем може да го исклучи корисникот од дистрибутивниот систем.

Член 135

Ако корисник од групата на тарифни потрошувачи „домаќинства", ја користи вкупната или дел од вкупната електрична енергија за намена која припаѓа на подгрупата „останати – втор тарифен степен", а притоа не го информира или не бара добивање на согласност од операторот на дистрибутивниот систем за промена на намената на електрична енергија, вкупната потрошена електрична енергија се сврстува во подгрупата „останати – втор тарифен степен" , за секој месец од периодот на пренамената на електричната енергија.

Како претходен период на пренамена на користење на електрична енергија ќе се смета половина време од последната контрола на мерните уреди на тарифниот потрошувач извршени од операторот на дистрибутивниот систем, но не повеќе од 6 (шест) месеци.

Член 136

Пресметката на надоместок за неовластено користење на електрична енергија од член 132 на овие Мрежни правила, за потрошувачите од категоријата на тарифни потрошувачи на 35 kV напонско ниво, потрошувачите од категоријата на тарифни потрошувачи на 6 kV, 10 (20) kV напонско ниво и потрошувачите од категоријата на тарифни потрошувачи на 0,4 kV (380/220V) напонско ниво, подгрупа „ останати - прв тарифен степен" ќе се пресметува на следниот начин:

- ако се извршиле дејства кои влијаат на исправната работа на уредот за регистрирање на врвната моќност, пресметковната месечна активна моќност се утврдува на вредност која е еднаква на:

а. најголемата измерена врвна моќност на потрошувачот во периодот од една година пред настанување на неовластено користење на електрична енергија; или

б. одобрена едновремена максимална моќност утврдена со согласноста за приклучување во случај кога не се располага со податок за најголемата измерена врвна моќност; или

в. номиналната моќност на енергетскиот трансформатор на потрошувачот при што се изедначуваат киловолтамперите (kVA) со киловатите (kW).

Утврдената врвна моќност согласно одредбите од оваа алинеа преставува вредност на пресметковната активна моќност на која се применуваат соодветните цени за секој месец во претходниот период од утврдувањето на неовластеното користење на електричната енергија. Збирот од вака пресметаните месечни надоместоци за активна моќност претставува утврден надоместок за активна моќност, пропишан со одредбите во член 132 од овие Мрежни правила.

Како претходен период на неовластено користење на електрична енергија ќе се смета половина време од последната контрола на мерните уреди на потрошувачот извршени од операторот на дистрибутивниот систем, но не повеќе од 6 (шест) месеци.

За месец во кој е утврдено неовластено користење на моќноста, независно од утврдениот број на денови на неовластено користење на моќноста, се пресметува надоместок за моќност за целиот месец.

- ако се извршиле дејства кои влијаат на исправната работа на уредите за мерење и регистрација на потрошената електрична енергија, пресметката за месечна количина на неовластено потрошена електрична енергија се утврдува како производ на пресметковната моќност од алинеја 1) на овој член и бројот на работни часови. Месечните работни часови изнесуваат:

а. кај едносменско работење, 200 часови (од кои 150 часови за време на високи дневни оптоварувања на електроенергетскиот систем, а 50 часови за време на ниски дневни оптоварувања на електроенергетскиот систем);

б. кај двосменско работење, 400 часови (од кои 300 часови за време на високи дневни оптоварувања на електроенергетскиот систем, а 100 часови за време на ниски дневни оптоварувања на електроенергетскиот систем); и

в. кај тросменско работење, 600 часови (од кои 300 часови за време на високи дневни оптоварувања на електроенергетскиот систем, а 300 часови за време на ниски дневни оптоварувања на електроенергетскиот систем).

Бројот на часови за месецот во кој е утврдено неовластено користење на електричната енергија, се утврдува како производ од вкупниот број на часови во тој месец и количникот од бројот на денови поминати од месецот на неовластено користење и вкупниот број на денови во тој месец.

Месечната количина на електрична енергија утврдена согласно одредбите од оваа алинеја, преставува количина на електрична енергија на која се применуваат цените за секој месец во претходниот период од утврдувањето на неовластеното користење на електричната енергија. Збирот од вака пресметаните месечни надоместоци за електрична енергија преставува утврден надоместок за електрична енергија, пропишан со одредбите во член 132 од овие Мрежни правила.

Како претходен период на неовластено користење на електрична енергија ќе се смета половина време од последната контрола на мерните уреди на потрошувачот извршени од операторот на дистрибутивниот систем, но не повеќе од 6 (шест) месеци.

- ако се извршиле дејства кои влијаат на неисправната работа на уредот за регистрирање на врвната моќност и на неисправност на мерните уреди за мерење и регистрација на потрошената електрична енергија, пресметаната месечна активна моќност од алинеја 1) и пресметаната месечна количина на активна електрична енергија од алинеја 2) од овој член, претставуваат пресметковни елементи на кои се применуваат соодветните цени на групата, односно подгрупата, на која припаѓа тарифниот потрошувач за секој месец во претходниот период од утврдувањето на неовластеното користење на електричната енергија. Како претходен период на неовластено користење на електрична енергија ќе се смета половина време од последната контрола на мерните уреди на потрошувачот извршени од операторот на дистрибутивниот систем, но не повеќе од 6 (шест) месеци.

- останатите трошоци предизвикани со неовластеното користење на електрична енергија пропишани во член 132, алинеја 3) од овие Мрежни правила се пресметуваат согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Член 137

Пресметката на надоместок за неовластено користење на електрична енергија од член 132 на овие Мрежни правила, на потрошувачите од категоријата на тарифни потрошувачи на 0,4 kV (380/220V) напоско ниво, подгрупа „ останати - втор тарифен степен", група „јавно осветлување" и група „домаќинства" ќе се пресметува на следниот начин:

- ако се извршиле дејства кои влијаат на нерегистрирање на целокупната превземена електрична енергија, пресметковната месечна активна моќност се утврдува на вредност која е еднаква на:

а. производот од номиналната струја на главната ограничувачка струјна склопка и номиналниот напон, или производ од номиналната струја на главните осигурувачи (стандарден патрон) и номиналниот напон, во колку неовластеното користење на електричната енергија се врши пред мерните уреди но преку главната ограничувачка струјна склопка, односно преку главни осигурувачи.

Производ од дозволеното струјно оптоварување на секундарниот проводник (во зависност од видот и пресекот) преку кој се поврзува внатрешниот приклучок и номиналниот напон, во колку неовластеното користење на електричната енергија се врши пред главната ограничувачка струјна склопка, односно пред пред главните осигурувачи.

- За потрошувачите од подгрупата „ останати - втор тарифен степен", превземената електрична енергија се пресметува на тој начин што пресметковната активна моќност од алинеја 1) од овој член се множи со часовите на користењето на пресметковната активна моќност. Месечните часови на користење изнесуваат:

а. кај едносменско работење, 200 часови;

б. кај двосменско работење, 400 часови; и

в. кај тросменско работење, 600 часови.

Бројот на часови за месецот во кој е утврдено неовластено користење на електричната енергија, се утврдува како производ од вкупниот број на часови во тој месец и количникот од бројот на денови поминати од месецот на неовластено користење и вкупниот број на денови во тој месец.

- За потрошувачите од групата „домаќинства", превземената електрична енергија се пресметува на тој начин што пресметковната моќност од алинеја 1) од овој член се множи со часовите на користењето на пресметковната активна моќност. Месечните часови на користење изнесуваат:

а. во месеците: I, II, III, X, XI, XII – 240 часови;

б. во месеците: IV, V, VI, VII, VIII, IX – 120 часови.

Бројот на часови за месецот во кој е утврдено неовластено користење на електричната енергија, се утврдува како производ од вкупниот број на часови во тој месец и количникот од бројот на денови поминати од месецот на неовластено користење и вкупниот број на денови во тој месец.

- За потрошувачите од групата „јавно осветлување", превземената електрична енергија се пресметува на тој начин што пресметковната моќност од алинеја 1) од овој член се множи со часовите на користењето на пресметковната моќност. Месечните часови на користење изнесуваат 360 часови по цени за пресметковни елементи за јавно осветлување.

Бројот на часови за месецот во кој е утврдено неовластено користење на електричната енергија, се утврдува како производ од вкупниот број на часови во тој месец и количникот од бројот на денови поминати од месецот на неовластено користење и вкупниот број на денови во тој месец.

- За потрошувачи од став (1) на овој член, месечната количина на електрична енергија утврдена согласно одредбите од алинеја 1) и 2) од овој член, претставува количина на електрична енергија на која се применуваат цените за пресметковните елементи за секој месец во претходниот период од утврдувањето на неовластеното користење на електричната енергија. Збирот од вака пресметаните месечни надоместоци за електрична енергија претставува утврден надоместок за електрична енергија, пропишан со одредбите во член 132, од овие Мрежни правила.

Како претходен период на неовластено користење на електрична енергија ќе се смета половина време од последната контрола на мерните уреди на потрошувачот извршени од операторот на дистрибутивниот систем, но не повеќе од 6 (шест) месеци, доколку мерните уреди се вградени од операторот на дистрибутивниот систем.

- За потрошувачите кои немаат вградено мерни уреди од операторот на дистрибутивниот систем, како претходен период на неовластено користење на електрична енергија ќе се смета половина време од последната контрола на мерните уреди на потрошувачот извршена од операторот на дистрибутивниот систем, но не повеќе од 12 (дванаесет) месеци.

- останатите трошоци предизвикани со неовластеното користење на електрична енергија пропишани во член 132, алинеа 3) од овие Мрежни правила се пресметуваат согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Член 138

За групата на тарифни потрошувачи „домаќинства" кои имаат двотарифно мерење на потрошената електрична енергија, доколку потрошувачот влијаел на работата на вклопниот часовник, односно на друг уред за управување со тарифи (оштетување на уредот, отстранување на пломба и др.), операторот на дистрибутивниот систем пресметката на надоместок за потрошената електрична енергија ќе ја изврши врз основа на вкупно утврдената потрошувачка на електрична енергија пресметана по цени на активна електрична енергија за време на високи дневни оптоварувања на електроенергетскиот систем, согласно Тарифниот систем за продажба на електрична енергија за тарифни потрошувачи.

За групата на тарифни потрошувачи „домаќинства" кои имаат двотарифно мерење на потрошената електрична енергија, доколку неисправноста на работењето на вклопниот часовник, односно на друг уред за управување со тарифи е од техничка причина и не е по вина на потрошувачот, операторот на дистрибутивниот систем пресметката на надоместок за потрошената електрична енергија ќе ја изврши врз основа на вкупно утврдената потрошувачка на електрична енергија пресметана по цени на активна електрична енергија утврдени за групата на тарифни потрошувачи „домаќинства" кои имаат еднотарифно мерење согласно Тарифниот систем за продажба на електрична енергија за тарифни потрошувачи.

За групата на тарифни потрошувачи „домаќинства" кои имаат еднотарифно мерење на потрошената електрична енергија, при неовластено користење на електричната енергија, операторот на дистрибутивниот систем пресметката на надоместок за потрошената електрична енергија ќе ја изврши врз основа на вкупно утврдената потрошувачка на електрична енергија пресметана по цени на активна електрична енергија за време на високи дневни оптоварувања на електроенергетскиот систем утврдени за групата на тарифни потрошувачи „домаќинства" кои имаат двотарифно мерење согласно Тарифниот систем за продажба на електрична енергија за тарифни потрошувачи.

Член 139

Тарифните потрошувачи кај кои електричната енергија не се мери на местото на испорака, туку на пониско напонско ниво од напонското ниво на кое се наоѓа местото на испорака, измерените количини на електрична енергија се зголемуваат за техничките загуби во водовите и трансформаторите, при што овие односи се уредуваат со договорот за користење на преносната или дистрибутивната мрежа.

Член 6

Бројот на поглавјето 6 „ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ" од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, се менува и станува поглавје 7. Членовите 130, 131, 132, 133, 134, 135 и 136, стануваат 140, 141, 142, 143, 144, 145 и 146.

Член 7

Овие Измени и дополнувања на Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија влегуваат во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**2317.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09 и 97/10), Министерството за труд и социјална политика

**ОБЈАВУВА**

1. Стапката на трошоците на живот за месец јуни 2011 година, во однос на месец мај 2011 година, е пониска за 0,6%.

2. Исплатата на платите за месец јуни 2011 година, во однос на месец мај 2011 година, работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
**Џељаљ Бајрами**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2011 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2011095